„Верник со најпотполен иман-верување е тој со најубаво однесување, а најдобар помеѓу вас е тој што најубаво се однесува кон жените.“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, рекол: „Верник со најпотполен иман-верување е тој со најубаво однесување, а најдобар помеѓу вас е тој што најубаво се однесува кон жените.“
[حسن] [رواه أبو داود والترمذي وأحمد]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè известува дека верниците кои имаат најдобро однесување, тие имаат и најпотполно верување. Ова се манифестира со озарено лице, добродетелства, примерен говор и воздржување од предизвикување на непријатности. А најдобриот помеѓу верниците е тој што најубаво се однесува кон жените, како што се сопругите, ќерките, сестрите, роднините; бидејќи кон нив е најпотребно убаво да се однесува.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5792